Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на СРМ (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ, на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги, на седницата одржана на 03.03.2025 година ја усвои следната

# ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2025 - 2027 година

1. Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за периодот 2025-2027 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРСМ.

2. Тригодишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:

   - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[1].
   - Подготвување на Годишен извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2025-2027 година.
   - Презентација на наодите од извршените контроли на квалитет во рамките на настан за едукација.
   - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.
   - Измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, по потреба.
   - Подготвување на циркуларни писма од обласа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија, по потреба.
   - Ажурирање и развивање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.
   - Изготвување и усвојување на Годишни планови за контрола на квалитетот во периодот 2025-2027 година, вклучувајќи и термински план.
   - Следење на спроведувањето на Годишни планови за контрола на квалитет во периодот 2025-2027 година, вклучувајќи и термински план и квартално известување за спроведени контроли по барање на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

[1] Statement of Membership Obligations

- Согласно наодите од проверките на контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Тригодишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

***Ненад Тортевски***
***Претседател на ИОРРСМ***

*На 26.03.2025 година, СУНРРСМ даде согласност на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за периодот 2025-2027 година*